РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

Бр. 11-16912/1
Скопје, 11.06.2008

ПРЕДМЕТ: Известување за измена на одлуката за внесивање и изнесување на ефективни странски пари

Во службен весник на Република Македонија број 69/2008 објавена е Одлука за условите и висината на износот на ефективни странски пари и чекови кои можат да се внесуваат или изнесуваат од Република Македонија. Според одлуката изменети се износите на ефективни странски пари кои можат да се внесуваат или изнесуваат од земјата и тоа:

### *I. Внесување на ефективни странски пари*

***резиденти***

- Резидентите во Република Македонија можат слободно да внесуваат ефективни странски пари во износ до 10.000 Евра, а над 10.000 Евра внесувањето се врши согласно одредбите од Законот за спречување перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам.
- При влегување во Република Македонија, резидентите се должни да го пријават на царинските органи износот на ефективните странски пари над 10.000 Евра, кој го внесуваат во земјата и притоа од царинскиот орган задолжително добиваат писмена потврда.

***нерезиденти***

- Нерезидентите можат слободно да внесуваат во Република Македонија ефективни странски пари и чекови во износ до 10.000 Евра, а над 10.000 Евра внесувањето се врши согласно одредбите од Законот за спречување перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам.
- При влегувањето во Република Македонија нерезидентите се должни да го пријават на царинските органи износот на ефективните странски пари над 10.000 Евра кој го внесуваат.
- При влегувањето во Република Македонија нерезидентите од царинските органи добиваат писмена потврда за износот на ефективни странски пари кој го внесуваат во Република Македонија, која се должни да ја дадат на увид на царинскитете органи при излегувањето од Република Македонија.

### *2. Изнесување на ефективни странски пари*

***резиденти***

- Резидентите можат слободно да изнесуваат од Република Македонија ефективни странски пари во износ до 2.000 Евра.
- Резидентите се должни при патување во странство износот на ефективни странски пари и чекови од 2.000 до 10.000 Евра да го пријават на царинските органи при излегување од Република Македонија.

**Царинска управа на Република Македонија**
Ул.Лазар Личеноски бр.13 1000 Скопје,Република Македонија
Телефони :++389 2 3 116 188 ( Централа ), 02 3 293 927 (Директор), Факс: 02 3 237 832
**www.customs.gov.mk**

- Ефективните странски пари од 2.000 до 10.000 Евра резидентите можат да ги изнесуваат врз основа на потврда од овластена банка или менувачница за купени странски пари или врз основа на потврда од банка за подигнати девизи од девизна сметка. Потврдата важи до првото преоѓање на границата, а најоцна до 90 дена од денот на издавање на истата.
- При службено патување во странство резидентите можат да го изнесуваат износот на девизни средства содржан во налогот за извршување на дознаката во странство (образец 1450), утврден врз основа на одлука за патување во странство, во која се назначени: земјата во која се патува, целта на патувањето, колку лица патуваат и времето на престој во странство, како и висината на потребни средства за престој на службен пат, при што износот не смее да надминува 10.000 Евра по лице.
- Изнесувањето на ефективни странски пари над 10.000 Евра е **ЗАБРАНЕТО.**

***нерезиденти***

- Нерезидентите можат слободно да изнесуваат од Република Македонија ефективни странски пари и чекови во износ до 10.000 Евра, а над 10.000 Евра изнесувањето се врши согласно одредбите од Законот за спречување перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам.
- Износот кој го изнесуваат нерезидентите не може да биде поголем од пријавениот износ при влегувањето во Република Македонија, за која имаат добиена потврда од царинскиот орган.

Се известуваат сите царински испостави дека оваа одлука започнува со примена од **12.06.2008 година**.

Се задолжуваат управниците и шефовите на царински испостави да ги запознаат вработените, заради правилна примена на одлуката за условите и висината на износот на ефективни странски пари и чекови кои можат да се внесуваат или изнесуваат од Република Македонија.